**Известување за концентрација со која Аристократ Лежер Лимитед, Австралија ќе стекне самостојна контрола над НеоГејмс С.А., Големото Војводство Луксембург (предмет бр. 08-109/2023)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 18.07.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација која се однесува на стекнување на самостојна контрола од страна на Аристократ Лежер Лимитед со регистрирано седиште на Зграда А, Пинакл Офис Парк, 85 Епинг Роуд, Норт Рајд НСВВ 2113, Австралија над НеоГејмс С.А. со регистрирано седиште на 63-65, Руе де Мерл, Л-2146 Луксембург, Големото Војводство Луксембург преку Анакси Инвестментс Лимитед со регистрирано седиште на СИКС, Крикет Сквер, ПО Бокс 2681, Џорџ Таун, Грен Кајман КУ1-111, Кајмански Острови, друштво кое е во целосна сопственост на Аристократ Лежер Лимитед.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**Аристократ Лежер Лимитед** е давател на услуги за игри и забава на глобално ниво, со седиште во Сиднеј, Австралија и котиран на австралиската берза на хартии од вредност (ASX:ALL). Аристократ е активен со копнени игри од 1953 година, а неодамна се има проширено во просторот за онлајн игри, на ограничен начин. Работењето на Аристократ Лежер Лимитед е поделено во три деловни единици: Aristocrat Gaming, Pixel United и Anaxi.

Аристократ Лежер Лимитед нема регистрирани зависни друштва во Република Северна Македонија.

**НеоГејмс С.А.** обезбедува содржински и технолошки решенија за индустријата за онлајн игри. Деловниот потфат на НеоГејмс С.А. се состои од четири деловни единици, од кои сите се поврзани со онлајн игри.

Во Република Северна Македонија, НеоГејмс С.А. има едно регистрирано зависно друштво:

– Друштво за информатичка технологија Б-ТЕЦХНОЛОЏИ ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на 11 Октомври 33А, Центар, Скопје и приоритетна дејност 62.01 - компјутерско програмирање.

По однос на **релевантниот пазар на стоки** за предметната концентрација, Подносителот предлага дека истиот би можел да се дефинира како пазар за обезбедување на онлајн игри за деловни корисници.

По однос на **географскиот пазар**, Подносителот смета дека истиот би можел да се дефинира како територијата на Република Северна Македонија.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува сите заинтересирани страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

24.07.2023 година, Скопје